# Силк Роуд Банка со донација за ЈЗУ Универзитетската клиника за радиотерапија и онкологија во Скопје!

Со цел да овозможиме максимална удобност за пациентите од клиниката, во текот на месец јули донираме 6 нови столици за хемотерапија по највисоки стандарди со кои врвниот третман на докторите сега ќе се изведува уште подобро и полесно.
Дополнително, чекалните на болницата ги опремивме и со 10 нови столици од три седишта каде пациентите ќе имаат можност да седнат и да се одморат чекајќи го својот ред.
Здравјето е секогаш на прво место, а нашата мисија е да помогнеме секогаш и секаде каде што можеме. Нека биде ова уште една мала помош на патот до здравјето.

